Врз основа на член 54 став (1) точка 1.21 и член 78 став (1) од Законот за енергетика* (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 101/25 и 135/25) и член 18 став (1) точка 1. од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.40/26), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 7 јули 2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. На Друштвото за трговија, транспорт и угостителство СИМИТ ПЕТРОЛ ДООЕЛ увоз-извоз Велес се издава лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ “СИМИТ ПЕТРОЛ 2”.

2. Лиценцата за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија е дадена во Прилог, којшто е составен дел на оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото за трговија, транспорт и угостителство СИМИТ ПЕТРОЛ ДООЕЛ увоз-извоз Велес, со седиште на ул. “Вардарска” бр. 198, Велес (во понатамошниот текст: Друштво), на 7 мај 2026 година до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), поднесе Барање за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ “СИМИТ ПЕТРОЛ 2”, УП1 бр. 12-198/26 од 7 мај 2026 година (во натамошниот текст: Барање).

Друштвото го достави Барањето и потребната документација наведена во Прилог 1, Образец БЛ 10 од Правилникот за лиценци, во оригинал и електронски во pdf. формат. Друштвото го комплетираше Барањето на 25 јуни 2026 година.

Покрај другото, Друштвото достави:

- Решение за поставување на фотонапонски електроцентрали на објект УП бр.1309-194 од 26 декември 2023 година, со правосилност од 12 јануари 2024 година, издадено од Општина Велес
- Решение за согласност за приклучување на електродистрибутивна мрежа УП1 број NCC_15_20240701_94 од 24 октомври 2025 година издадено од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје со одобрена моќност за потрошувач од 28 kW и за производител од 150 kW. Капацитетот е одобрен со Решение за согласност за приклучување на електродистрибутивна мрежа УП1 број NCC_15_20240701_94 од 16 август 2024 година издадено од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, со одобрена врвна моќност за производител од 150 kW.
- Извештај за извршен технички преглед од надзорни инженери за поставување на фотонапонски електроцентрали кои се поставуваат на објекти со инсталиран капацитет од 164,45 kW на објект бр.1 на м.в. Село на КП бр.1217/3, КО Башино Село, Општина Велес, објект од втора категорија, Бр.09-117/18 од 15 јуни 2026 година, изготвен од Центар за консалтинг и инженеринг КОНЦЕПТ ЕУ ДОО Кочани, со седиште на ул. “Скопска” бр.5/1/3 Кочани,
- Решение за ставање во употреба на техничка опрема фотонапонска електроцентрала Арх.Број УП1-75-150 од 24 март 2026 година и Решение за ставање во употреба на техничката опрема - трафостаница Арх. Број: УП1-75-151 од 24 март 2026 година, издадени од Државен инспекторат за енергетика, рударство и минерални суровини,
- Договор за закуп склучен помеѓу Тодор Симитчев и Друштвото заверен под УЗП 1167/2026 на 16 февруари 2026 година од Нотар Радица Хаџи Петрушева Арсовска од Велес и Анекс бр.1 кон договор за закуп заверен под УЗП 3922/2026 на 27 мај 2026 година од Нотар Радица Хаџи Петрушева Арсовска од Велес, со кои, покрај другото, се утврдува закуп на објект бр.1 на КП бр.1217/3, КО Башино Село, Општина Велес, на неопределено време.

Во однос на околноста дали фотонапонската електроцентрала е дел од Годишен план за изградба на енергетски објекти, не е забележан податок за оваа фотонапонска електроцентрала, но при постапувањето Регулаторната комисија за енергетика имаше во предвид дека актот со кој се одобрува градбата е правосилен на 12 јануари 2024 година и решението за согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа со кое се вклучува капацитетот на предметната електроцентрала е од 16 август 2024 година, односно пред влегување во сика на Законот за енергетика*.

Регулаторната комисија за енергетика утврди дека поднесеното Барање е потполно и согласно член 16 од Правилникот за лиценци изготви предлог - одлука за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија. Предлог - одлуката, согласно Решение за свикување на подготвителна седница бр.02-1082/1 од 2 јули 2026 година, беше предмет на расправа на подготвителната седница која се одржа на 6 јули 2026 година. На подготвителната седница немаше забелешки по предлог - одлуката од страна на присутните.

Регулаторната комисија за енергетика на 7 јули 2026 година одржа седница на којашто врз основа на член 54 став (1) точка 1.21 и член 78 став (1) од Законот за енергетика* и член 18 став (1) точка 1. од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ “СИМИТ ПЕТРОЛ 2” на Друштвото за трговија, транспорт и угостителство СИМИТ ПЕТРОЛ ДООЕЛ увоз-извоз Велес.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 бр. 12-198/26**
**7 јули 2026 година**
**Скопје**

**Претседател**
**на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**

**Прилог:**

**ЛИЦЕНЦА**
**ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ**
**ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. **Назив и седиште на носителот на лиценцата**
   Друштво за трговија, транспорт и угостителство СИМИТ ПЕТРОЛ ДООЕЛ увоз-извоз Велес, со седиште на ул. "Вардарска" бр. 198, Велес, Република Северна Македонија.

2. **Енергетска дејност за која се издава лиценцата:** Производство на електрична енергија

3. **Датум на издавање на лиценцата:** 7 јули 2026 година

4. **Датум на важење на лиценцата:** 7 јули 2061 година

5. **Евидентен број на издадената лиценца:** ЕЕ-ПРОИЗ-1946-2026

6. **Единствен матичен број:** 6980627

7. **Единствен даночен број:** 4004014511644

8. **Подрачје на кое се врши енергетската дејност**
   Носителот на лиценцата ја врши енергетската дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ "СИМИТ ПЕТРОЛ 2" на објект бр.1 на КП бр.1217/3, КО Башино Село, Општина Велес.

9. **Место на испорака:**
   Испораката на електрична енергија во електродистрибутивна мрежа од фотонапонската електроцентрала ФЕЦ "СИМИТ ПЕТРОЛ 2" ќе се врши согласно дефинираните услови за приклучување во Решението за согласност за приклучување на електродистрибутивна мрежа УП1 број NCC_15_20240701_94 од 24 октомври 2025 година издадено од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје со одобрена моќност за потрошувач од 28 kW и за производител од 150 kW.

10. **Општи обврски за носителот на лиценцата**
    Носителот на лиценцата е должен да:
    - обезбеди сигурно, безбедно, континуирано и квалитетно производство и испорака на електрична енергија до точката на прием во електродистрибутивниот или електропреносниот систем,
    - врши продажба на произведената електрична енергија,
    - нуди системски услуги на операторот на електропреносниот систем заради балансирање на системот, согласно расположливите производни капацитети и барањата утврдени во правилата за пазар на балансна енергија на електроенергетскиот систем и мрежните правила за пренос на електрична енергија,

- обезбедува достапност на договорените количини на електрична енергија и/или системски услуги до точката на прием во електропреносниот или електродистрибутивниот систем во согласност со условите и обврските од лиценцата, како и со договорот за приклучување,
- ги одржува во оперативна состојба сите потребни технички ресурси, вклучително и уреди за телеметрија на тековното производство,
- доставува извештаи, податоци и информации до операторот на електропреносниот систем или операторот на електродистрибутивниот систем во согласност со мрежните правила,
- доставува до операторот на електропреносниот систем и операторот на пазарот на електрична енергија податоци и информации од договорите за купување и продажба на електрична енергија, расположливоста на производниот капацитет и/или системските услуги, освен деловно-финансиските податоци,
- е опремен со сите потребни технички ресурси за доставување на информации до соодветниот оператор на електропреносен или електродистрибутивен систем вклучително и уреди за далечинско мерење на производството во реално време,
- има право да купува електрична енергија на пазарот на електрична енергија, да обезбедува други енергенти, како и да презема други дејствија на пазарите за енергија заради оптимизирање на своето производство и трошоците во работењето, освен производител на електрична енергија од обновливи извори кој користи повластена тарифа,
- ги чува сите податоци најмалку пет години што се однесуваат на работењето на електроцентралите, од кои можат да се утврдат и проверат за секој поединечен час сите негови оперативни одлуки поврзани со диспечирање и неговото учество на пазарите на електрична енергија, во кои се вклучени и податоци за расположливите производствени капацитети и понудените и активираните системски услуги на ниво на електроцентрала во периодите кога се одвива тргувањето и производството, како и за учество на аукциите за интерконективни капацитети, само во случај која производителот на електрична енергија е сопственик и/или управува со електроцентрала со инсталирана моќност еднаква или поголема од 200 MW, или поседува повеќе електроцентрали со вкупна инсталирана моќност еднаква или поголема од 400 MW,
- овозможи увид на податоците за електроцентралите, кои се со моќност еднаква или поголема од 200 MW, или повеќе електроцентрали со вкупна инсталирана моќност еднаква или поголема од 400 MW, на Регулаторната комисја за енергетика, на Секретаријатот на Енергетската заедница во согласност со обврските на Република Северна Македонија од ратификуваните меѓународни договори, како и на Комисијата за заштита на конкуренцијата во согласност со прописите со кои се уредува заштита на конкуренцијата,
- на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, односно на Комисијата за заштита на конкуренцијата во согласност со прописите со кои се уредува заштитата на конкуренцијата, им овозможува увид во податоците кои се однесуваат на сите негови трансакции за купопродажба на електрична енергија и деривативи, вклучително и деривативи на финансискиот пазар, со купувачите на големо, како и со операторот на електропреносниот систем, операторот на електродистрибутивниот систем или операторот на пазарот за електрична енергија остварени во последните пет години,
- не го нарушува квалитетот на електричната енергија во електропреносниот или електродистрибутивниот систем,
- им ги обезбеди на операторот на електропреносниот систем, операторот на пазарот на електрична енергија, операторот на електродистрибутивниот систем, сите потребни податоци и информации кои се неопходни за извршувањето на нивните обврски од лиценците, во

согласност со мрежните правила за пренос на електрична енергија, мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија и правилата за пазар на електрична енергија,

- доставува податоци и информации согласно правилникот за начинот и постапката за следење на функционирањето на пазарите на енергија,
- води одвоено сметководство за секоја поединечна енергетска дејност што ја врши или други дејности кои ги извршува согласно член 5 од Законот за енергетика*,
- доставува известувања за сите околности, настани и промени коишто имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на енергетската дејност,
- ги почитува законите, другите прописи и општи акти кои се однесуваат на вршење на енергетската дејност, заштита на конкуренцијата, заштита на потрошувачите, заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето и заштита при работа,
- овозможи непосреден увид по барање на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, во целокупната документација која што се однесува на вршењето на енергетската дејност за која што е издадена лиценцата, во согласност со Правилникот за лиценци.

**11. Обврска за доставување на Годишен извештај за работењето**

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија да достави годишен извештај за работењето во претходната година согласно правилникот за начинот и постапката за следење на функционирањето на пазарите на енергија.

**12. Доверливост на информациите**

Носителот на лиценцата е должен во согласност со закон, да обезбеди и да гарантира доверливост на деловните податоци и информации при вршењето на енергетската дејност производство на електрична енергија.

**13. Квалитет на услугата**

Носителот на лиценцата е должен да обезбеди технички средства и други услови кои ќе овозможат постојан квалитет на произведената електрична енергија, да врши постојан мониторинг на параметрите кои го определуваат квалитетот на произведената електрична енергија и по барање на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, да доставува писмен извештај за движењето на сите параметри кои што го определуваат квалитетот на произведената електрична енергија во определен временски период.

**14. Мерење на произведената електрична енергија и моќност**

Мерењето на произведената, односно испорачаната електрична енергија во електропреносниот или електродистрибутивниот систем се врши во пресметковното мерно место на начин и постапка утврдени согласно мрежните правила за пренос на електрична енергија, односно мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

**15. Менување, продолжување, пренос, престанување, суспендирање и одземање на лиценцата**

Менување, продолжување, пренос, престанување, суспендирање и одземање на оваа лиценца ќе се врши во согласност со одредбите од Законот за енергетика* и Правилникот за лиценци.

16. **Мерки во случај на неисполнување на обврските на носителот на лиценцата**
    Ако носителот на лиценцата не ги исполнува обврските содржани во оваа лиценца, Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија ќе преземе мерки согласно Законот за енергетика* и Правилникот за лиценци.

17. **Производни капацитети со кои се врши енергетската дејност**
    Носителот на лиценцата ја врши енергетската дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала со следните технички карактеристики:

а) назив на фотонапонска електроцентрала: ФЕЦ "СИМИТ ПЕТРОЛ 2"
б) моќност на фотонапонска електроцентрала по фотонапонски панели: 164,4 kW
в) моќност на фотонапонска електроцентрала по инвертори: 150 kW
г) година на почеток и завршеток на градба и почеток на работа: 2025 и 2026 година
д) проценет животен век на ФЕЦ: 30 години
е) тип и производител, моќност и број на фотонапонски панели:
– BSM565M10-72HPH, BLUE SUN, 291 панели со моќност од 565 W
ж) тип и производител, моќност и број на инвертори:
– SUN2000-50KTL-M3, HUAWEI, 3 инвертори со моќност од 50 kW
з) годишно сончево зрачење на таа локација: 1.802 $kWh/m^2$
и) очекувано годишно производство на електрична енергија: 223 MWh